

12.

# НОВИОТ ДРВОРЕЗ ВО МАКЕДОНИЈА

Првата графичка техника - дрворезот, во последната деценија од овој век го доживува своето повторно раѓање, носејќи новини карактеристични за современиците на другите ликовни дисциплини. Оваа изложба има за цел да создаде слика (пресек) на новините кои ги содржат традиционално, рачно изведените дрворези и линорези кои најдоследно ја изразуваат графичката инвенција низ механичка изведба. Причината за обновувањето и големиот интерес за оваа графичка дисциплина би можела да се објасни како реакција на уметниците против извонредната перфекција на технолошката виртуозност на другите техники; како обновување на интересот за лична, емоционална и духовна фантазија; како голем интерес за враќање на изворната форма на изведување, дополнета со интересот за рачно изработена хартија која на рачното печатење му дава посебна естетика и излегување од конвенционалните востановени норми на современото уметничко дело и негово современо одсликување во заборавената мултипликативна традиција.

Изложбата изобилува со разновидност на стилски одлики кои ги следат современите естетски ликовни струења. Преовладува апстрактно експресионистичка доминација во лирско романтичарска или класично геометриска традиција. Кај некои автори се јавува формална контрола на геометријата, додека кај поединиз автори има свртување кон експресивна фигурација и преиспитување на другите ликовни правци (симболична и експресионистичка фигурација), како и присуство на енфермедии, летристички и концептуалистички решенија.

При разгледувањето на експонатите, особен впечаток оставаат отисоците на Симон Шемов кој на возвишен и крајно сензитивен начин го персонифицира култот на жената, со старословенска симболика и елементи од народниот фолклор кои ги поврзува со традиционална изведба на рачно изработена хартија. Илија Кочовски своите идеи ги преставува низ длабоко обмислен ликовен ракопис во кој примарна е редуцирана форма на богата композиција на места со богати колоритни решенија. Зоран Јаќимовски прави поврзување на една неодредена реалност со симболите на далеку изминати времиња поставувајќи ги во правоаголен геометриски соодност со извесна концептуалистичка нота.Фигурацијата на Симеон Силјановски буди симболични асоцијации на синтеза на нарација и интелект која изобилува со слобода на организираната целина, линеарна чистина и карактеристичен ракопис, додека Валентина Лескароска создава фигурации со неоекспресионистички асоцијации. Славко Тренковски-Лок создава редуцирани форми од црно-бели површини, на места со инспирации од културното богатство на Македонија. Оливер Мусовиќ поставува концептуално разработени елементи кои будат размислување за просторот со длабински оформени волумени поврзани на невообичаен начин, додека Александар Поповски едноставноста на предметите ја поедноставува уште повеќе со неодреденото сместување во композицијата. Дијана Томиќ Радевска создава лирско апстрактни асоцијации, додека лирско експресивни конотации присутни се кај Трајче Блажевски. Христина Иваноска креира апстрактни форми со асоцијативен акцент во основниот елемент - средновековното архитектонско наследство. Композициите на Зденко Бужек имаат специфични симболи со летристичка и апстрактно - геометриска форма, додека Игор Тошевски низ експресивни и кубистички согледувања создава поголеми просторни површини низ кои преовладува извесна геометризираност. Со слични стилски решенија ни се представува и Александар Јовановски и Лазо Ѓорѓиевски. Лидија Вујисиќ своите апстрактни симболи ги поврзува со кубизмот и поп-артот, додека Лидија Цаковиќ креира линеарно-гестуални експресионистички содржини во кои доминира чувството за просторот. Ванчо Кеков презентира издолжени форми, решени


23.


1.


11.


21.


13.

неоекспресионистички, додека Марјана Костојчиновска во миг на лирично расположение ги создава формите на растителниот свет. Лирска апстракција присутна е и кај Љубица Мешковска , додека енформелни решенија со асоцијативни конотации, кај Фехим Хусковиќ. Импресионистички пристап негува Ангел Гавровски, а експресијата на согледување ја транспонираат Кирил Гегоски, Јагода Петковска, Љубинка Манчева и Магдалена Младеновска. Наративен експресионизам застапен е во делата на Ленче Митевска.

Со изложбата на "Новиот дрворез во Македонија", матерјалниот дух и техничко-технолошката вештина ги отвораат страниците на современите културни и технички тренскрипции на македонскиот ликовен простор.

Лиљана Христова

*Изразуваме голема благодарност на Ликовната колонија за дрворез од Македонски Брод и на организаторот Славко Тренковски - Лок за отстапените експонати.*

***УЧЕСНИЦИ НА ИЗЛОЖБАТА***

*1. Блажевски Трајче - Скопје*

*2. Бужек Зденко - Скопје*

*3. Вујисиќ Лидија - Скопје*

*4. Гавровски Ангеле - Скопје*

*5. Гегоски Кирил - Прилеп*

*6. Ѓорѓиев Лазо - Крива Паланка*

*7. Иваноска Христина - Скопје*

*8. Јакимовски Зоран - Скопје*

*9. Јовановски Александар - Велес*

*10. Кеков Ванчо - Кавадарци*

*11. Костојчиновска Марјана - Скопје*

*12. Кочовски Илија - Битола*

*13. Лескароска Валентина - Кичево*

*14. Манчева Љубинка - Буба - Кавадарци*

*15. Мешкова Љубинка - Велес*

*16. Митевска Ленче - Тетово*

*17. Младеновска Магдалена - Скопје*

*18. Мусовиќ Оливер - Скопје*

*19. Петковска Јагода - Скопје*

*20. Поповски Александар - Битола*

*21. Силјановски Симеон - Битола*

*22. Тошевски Игор - Скопје*

*23. Томиќ - Радевска Дијана - Скопје*

*24.Тренковски Славко-Лок - Макед. Брод*

*25. Хисковиќ Фехим - Велес*

*26. Цаковиќ Лидија - Скопје*

*27. Шемов Симон - Скопје*



26.



22.



24.



7.



2.



8.



27.

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
Битола
27.11 - 15.12.1998

ОРГАНИЗАТОР: Завод, Музеј и Галерија - Битола
За организаторот: Никола Ивановски
Комесар на изложбата: Лилјана Христова
Дизајн и печат: Печатница „ГУТЕНБЕРГ" - Битола